## Уметност и лудило

Во виенскиот музеј „Karlsplatz“ во тек е изложбата „Уметноста и лудилото во Виена околу 1900“, која се бави со соодносот психијатрија и ликовна уметност, архитектура и дизајн, а проучува колкаво влијание имала модерната уметност



врз поимањето на психичките болести. Изложбата е поделена во шест делови, од кои, според кустосите, во уметничка смисла најинтересни се последните три. Четвртиот дел се занимава со темата „Уметноста и лудилото“ на примерот на австрискиот сликар Егон Шиле и неговите автопортрети и влијанието на фотографиите со умноболни луѓе. Петтиот дел е посветен на влијанието на ’лудилото‘ врз уметноста на портретот во времето околу 1900 година. Еден дел е посветен на уметничките слики на две лица со психички нарушено здравје, Јозеф Карл Радлер и извесна госпоѓа Ст., чии дела се создадени пред Првата светска војна. (Д.Б.)

## Оштетено дело

Една слика на Пикасо ќе мора да се реставрира бидејќи една жена ненамерно ја оштетила во текот на посетата на њујоршкиот музеј „Метрополитен“. Одговорните



лица во музејот соопштија дека сликата „Актер“, создадена во текот на зимата во 1904 – 1905 година, е скината во должина од 15 сантиметри во долниот десен агол. Жената која го разгледувала изложеното дело во музејот се лизнала и удрила во сликата. Кустосите и конзерваторите ја анализирале состојбата на сликата, чие платно е со димензија 1.2 со 1.8 метри, и ја донеле одлуката за реставрација. Инаку, делото е дел од колекцијата на „Метрополитен“ од 1952 година, а колекцијата вкупно содржи околу 250 дела на Пикасо. (Д.Б.)

**ИЗЛОЖБА** I ДЕЛАТА НА НЕХАТ БЕЌИРИ ВО КИЦ

# Исповед без предрасуди

ПИШУВА: **ТОНИ ДИМКОВ**
*t.dimkov@globusmagazin.com.mk*
ФОТО: **АНДРЕЈ ГИНОВСКИ**

Интимната исповед на уметникот Нехат Беќири, визуелно изразена низ дваесет и осум дела со голем формат, е претставена во трите галерии на Културно-информативниот центар во Скопје. Основната карактеристика на изложбата е концептот на отворање кон публиката со воведен перформанс и ликовно ’соголување‘ пред гледачите со слики изработени на големи формати. „Секако, форматот не е многу битен за ликовната порака која уметникот сака да ја испрати. Некогаш голема идеја може да се пренесе со мал формат, а со голем формат да се испрати мала порака. Големината на сликите на оваа изложба повеќе е нагласена заради контактот со публиката. Големите формати секогаш се предизвик и тие се необични и за мене. Се почувствував како риба што плива во аквариум, а сонува да види како ќе плива во море, да види како е да се плива во големи пространства. Одлучив да сликам на големи платна за да пробам нешто ново, или да реализирам нешто старо што долго време ми се вртело низ главата и да го донесам во ова време, но со нови гледања на секојдневјето низ ликовната уметност. Речиси сите изложени слики се многу лични, многу интимни исповеди и понекогаш, кога интимното треба да го споделиш со јавноста е некако чудно, има некои предрасуди, но одлучив да преминам преку тоа и да сликам само за себе, како никој да нема да ги види моите слики, а свесен сум дека мојата исповед ќе ја видат сите што ќе ја посетат изложбата“, вели Нехат Беќири.



**JAJЦА** Интеракцијата меѓу уметноста и публиката заврши со 1.500 искршени јајца



**ХРАБРОСТ** Сликарот Нехат Беќири на големи формати ги претстави своите емоционални сознанија



**ФОРМАТ** На изложбата се претставени дела долги по неколку метри, како сликата „Око“ (230 x 400 см)

■ **ПРИСТАП** Уметникот Беќири истовремено е професор на Државниот универзитет во Тетово и на Меѓународниот универзитет во Нови Пазар и во Ниш. Предавањата за своите студенти ги започнува со објаснувањето дека во сликарството многу работи зависат од субјективната точка на гледање на нештата. Таков пристап задржува и во однос на сопствените дела. Концептот на отвореност на сопственото творештво го нагласи со перформанс со кој на публиката ѝ беше дадена можност да ’отвори‘ едно негово дело составено од 1.500 јајца. „Како идеја перформансот се појави пред, можеби, десет години. Долго размислував како да го изведам, бидејќи сакав да биде едноставен, а, истовремено, и впечатлив. На крајот, мислам дека кршењето на јајцата беше одлично прифатено од публиката“, задоволно резимираше Беќири. ■

## НИКОЛИНА КУЈАЧА ПРЕПОРАЧУВА



Николина Кујача е актерка во МНТ и во овој период работи на проект кој се занимава со танцовиот театар. Паралелно подготвува и видео за новиот албум на „ПМГ Колектив“, а за „Глобус“ препорачува:

**КНИГА**



„Популарната музика од Витула“ од Микаел Ниеми е дело со шармантен хумор и совршено преминување од реалноста во имагинацијата, која речиси е незабележителна.

**ФИЛМ**

„Мери и Макс“ на Адам Елиот е еден од ретките анимирани филмови по чии карактери плачеме од дното на душата, во исто време и од тага и од смеа.

